РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 14-380/1
23-04-2025
20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

Склучен на ден 23.04. 2025 година, помеѓу:

1. **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација** (во натамошниот текст: КСЗД), со седиште на ул. „Даме Груев" бр. 2, 1000 Скопје, застапувана од Лимко Бејзаровски, претседател на КСЗД,
   и
2. **Реактор – Истражување во акција** (во натамошниот текст: Реактор), со седиште на ул. „Партизански одреди" бр. 18/1-11, 1000 Скопје, застапуван од Тања Иванова, претседателка на Реактор.

**Имајќи предвид дека:**

Родовата еднаквост и недискриминацијата се основни човекови права загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и ратификуваните меѓународни документи, меѓу кои Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената (CEDAW), Пекиншка декларација и платформа за акција, Конвенција за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство (Истанбулската конвенција), Почитување на европските стандарди и практики за родова еднаквост утврдени со директивите и препораките на ЕУ, Цели за одржлив развој (ЦОР) од Агендата за одржлив развој 2030 усвоени од сите држави членки на ООН и други правни инструменти.

КСЗД - има мандат да постапува по претставки и по сопствена иницијатива, да следи состојбата со човековите права и еднаквоста, да предлага политики и мерки за спречување и елиминирање на дискриминацијата, и да придонесува кон развој на јавна свест за значењето на еднаквоста и недискриминацијата.

Реактор – е граѓанска организација со значително искуство во спроведување на истражувања и застапување политики поврзани со промовирање на родовата еднаквост, унапредување на статусот и положбата на младите, промовирање на партиципативен урбан развој, промовирање на отворено, партиципативно и инклузивно носење на одлуки на национално и локално ниво, како и поддршка и олеснување на процесот на европеизација на Република Северна Македонија.

Водејќи се од значењето на градење соработка меѓу независните тела за човекови права и граѓанското општество,

**КСЗД и Реактор го склучуваат овој Меморандум со цел да ги формализираат своите заеднички заложби за:**

**Член 1**

**Предмет**
Предмет на овој Меморандум е уредување на соработката помеѓу КСЗД и Реактор во насока на промоција и унапредување на еднаквоста и недискриминацијата, преку активности кои вклучуваат истражување, анализа, застапување, состаноци, студиски посети, работилници, тркалезни маси, конференции, подготовка на извештаи, едукација и други форми на соработка кои произлегуваат од актуелните потреби.

**Член 2**

**Форми на соработка**
Договорните страни соработуваат особено преку:

- Размена на податоци и информации поврзани со случаи и појави на дискриминација врз сите основи споменати во Законот за спречување и заштита од дискриминација со посебен акцент на пол, род, возраст и други интерсекциски категории;
- Спроведување на проектни активности, истражувања и анализи за дискриминација во различни општествени сектори;
- Промовирање на законската рамка и политики за еднаквост и недискриминација преку јавни настани, студиски посети, обуки и кампањи;
- Развивање на алатки за следење и евалуација на спроведување на политиките за еднаквост;
- Поддршка на процесите на застапување за унапредување на законодавството и политиките во областа на родова еднаквост;
- Координација и обезбедување експертска поддршка за надлежни институции и тела.

**Член 3**

**Поддршка и комуникација**

КСЗД и Реактор соработуваат во рамките на своите надлежности и капацитети за:

- Обезбедување стручни консултации и експертски мислења;
- Размена на добри практики и искуства;
- Понуда на меѓусебна логистичка и организациска поддршка при заеднички активности.

**Член 4**

**Проекти и иницијативи**

Страните работат на:

- Заеднички развој на проектни иницијативи;
- Аплицирање за национално и меѓународно финансирање;
- Спроведување на проекти во согласност со целите наведени во овој Меморандум.

**Член 5**

**Права и податоци од истражувања**

Страните се согласуваат:

- Да ги користат податоците од заедничките истражувања транспарентно и во согласност со принципите на етичко истражување;
- Да го признаат авторството и придонесот на другата страна во објавување, презентација и дистрибуција на резултатите;
- Сите податоци да бидат користени со претходна согласност, со почитување на регулативата за заштита на лични податоци и авторски права.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
ул.Даме Груев 1
1000, Скопе
тел: 02 32 32 368
contact@kszd.mk
www.kszd.mk

Реактор – Истражување во акција
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk

**Член 6**

**Времетраење и раскинување**

Овој Меморандум се склучува на неопределено време. Секоја страна може да го раскине со претходна писмена најава најдоцна 30 дена однапред.

**Во потврда на горенаведеното, страните го потпишаа овој Меморандум во два оригинални примероци.**

**За КСЗД**
Лимко Бејзаровски

претседател

**За Реактор**
Тања Иванова

претседателка

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
ул.Даме Груев 1
1000, Скопе
тел: 02 32 32 368
contact@kszd.mk
www.kszd.mk

Реактор – Истражување во акција
бул. Партизански одреди 18/1-11
1000, Скопје
тел: 02 3245 536
имејл: info@reactor.org.mk
веб: www.reactor.org.mk